ИМЕ	НА ГРАД ГЕВГЕЛИЈА, ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА
МЕСТО	ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
ПЛАНСКИ ОПФАТ	СЕВЕР-КО Мрзенци: КП 1271,1270,ја пресекува 1269,ја пресекува 145,ја пресекува 146,144,ја пресекува 155,ја пресекува 833,ја пресекува 927,ја пресекува 928,ја пресекува 926,ја пресекува 933,сообраќаен коридор на автопат А1(Е-75) ,особина на канал Рауљ ,особина на рег.корито на р.Вардар , особина на рег.корито на р .Сува,КО Гевгелија:КП 206,248/2,248/41,250,252,275,277,315,317,321,367,642, ја пресекува 649,645,648,663,662,650, ја пресекува 649,ја пресекува 354,353,ја пресекува 352,ја пресекува 350,ја пресекува 334,329,ја пресекува 330/1,ја пресекува 337,ја пресекува 338,ја пресекува 649,особина на рег. корито на р .Сува,ја пресекува 7515,ја пресекува 7545,ја пресекува 7511,7535/3,7536,ја пресекува 7529,ја пресекува 7525,ја пресекува 7531/2,ја пресекува 7531/1,ја пресекува 7566,7562/2,7563/3,7564/2, ја пресекува 7566,ја пресекува 7567/1,7566,7590,6432, ја пресекува 6456,ја пресекува 6421,ја пресекува 6418,сообраќаен коридор на Р 1108,6393,6372/3,6372/2,6368, ја пресекува 6367,5909,6169,6030,6173,6174,6170/3, ја пресекува 6167,ја пресекува 418,ја пресекува 398,ја пресекува 396,ја пресекува 392/1,392/61,392/41, ја пресекува 393,387,ја пресекува 69,84,81,43,49/1,49/2, ја пресекува 30,45,38,13. КО Мрзенци:КП 1601,1609,1605/1,1607,1606,1605/2, ја пресекува 1665,ја пресекува 58,1374,1373,1372,1371,1350,1351,1352,1353,1354,1356,1357,1358,1360,1664,1414,1415,1416,1417,1418,1419,1420,1421,1291,1292,1294,1296,1297, 1283,1280,1279,1275,1274,1273,1272.
ПОВРШИНА	887.9 ха
ФАЗА	ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2011 - 2021
ДЕЛ	ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
РАЗМЕР	1 : 5000

ЛЕГЕНДА			
	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	*	ПЛАНИРАНА ДИСПОЗИЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРЕН ДОМ
	ГРАНИЦА НА ГУП ЗА ГРАД ГЕВГЕЛИЈА, ИЗМЕНА И ДОПОЛНА ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2006-2016	*	ПЛАНИРАНА ДИСПОЗИЦИЈА НА АВТОБУСКА СТАНИЦА
	ГРАНИЦА НА БЛОК		РЕГУЛИРАНО РЕЧНО КОРИТО
1	НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК		ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА
	ГРАНИЦА НА ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ЈАДРО		
	ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА		
	РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА		
	МАГИСТРАЛНА УЛИЦА		
	СОБИРНА УЛИЦА		

ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ инженеринг WWW.IVANOVENG.COM.MK ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА	УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дua
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА	
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094 0 НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл.инж.арх. Овластен планер 0094	САШКО ИВАНОВ дua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095 0 ИВАНОВ САШКО дипл.инж.арх. Овластен планер 0095
СОРАБОТНИЦИ	ДИАНА ШКАРТОВА-ГЕОРГИЕВСКА дua, МИХАЕЛ ДИМИТРОВСКИ дua,ДОБРИЦА ДОЈЧИНОСКА дua, МАРИНА КЕВИЛОВСКА дua, СЛАВЧО ДИМОВСКИ дua, ПАВЛЕ ХРИСТОВ дua, СОЊА ПУПУЧОВСКА град.тех.	
ПРИЛОГ:	СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН	
ТЕХ. БРОЈ	У02-03/11	ДАТУМ 06.2012. ЛИСТ 3

ТАБЕЛА 4. ПОПРЕЧЕН ПРЕСЕК НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА



ТАБЕЛА 3. ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ



1-1 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА АВТОПАТ А1 (Е-75)



2-2 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА БУЛ.ГЕВГЕЛИЈА (ИЗВЕДЕН ПРОФИЛ)



4-4 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА 7-МИ НОЕМВРИ (ИЗВЕДЕН ПРОФИЛ)



5-5 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА 7-МИ НОЕМВРИ
7-7, 8-8, 12-12 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА НОВОПЛАНИРАНА 2
14-14 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА НОВОПЛАНИРАНА 6



6-6 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА НОВОПЛАНИРАНА 1



3-3 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА БУЛ.ГЕВГЕЛИЈА



9-9 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА НОВОПЛАНИРАНА 3
10-10 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА ЗАПАДНА 1
11-11 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА НОВОПЛАНИРАНА 5
13-13 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА БОРИС КИДРИЧ
15-15 ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА НОВОПЛАНИРАНА 6



ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА РЕГУЛИРАНО КОРИТО НА РЕКА СУВА

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

ПЛАН НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРА И СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ

M = 1 : 5000


Р1102, КОН НЕГОТИНО
КОН ОХРИД
Р1109, КОН БОГ ДАНОЦИ
КОН Р.ГРЦИЈА
Р1108, КРН МОЈИН
558000
559000
559200
555000
6250000
6249000
6248000
6247000
1 ЗЕЛЕНИКОВО
2 ЗЕЛЕНИКОВО
3 ЗЕЛЕНИКОВО
4 ЗЕЛЕНИКОВО
5 ЗЕЛЕНИКОВО
6 ЗЕЛЕНИКОВО
7 ЗЕЛЕНИКОВО
8 ЗЕЛЕНИКОВО
9 ЗЕЛЕНИКОВО
10 ЗЕЛЕНИКОВО
11 ЗЕЛЕНИКОВО
12 ЗЕЛЕНИКОВО
13 ЗЕЛЕНИКОВО
14 ЗЕЛЕНИКОВО
15 ЗЕЛЕНИКОВО
16 ЗЕЛЕНИКОВО
17 ЗЕЛЕНИКОВО
УЛ.НОВОПЛАНИРАНА 1
УЛ.НОВОПЛАНИРАНА 2
УЛ.НОВОПЛАНИРАНА 3
УЛ.НОВОПЛАНИРАНА 4
УЛ.НОВОПЛАНИРАНА 5
УЛ.НОВОПЛАНИРАНА 7
УЛ.ПРВА НАСЕЛБА
УЛ.ВТОРА НАСЕЛБА
УЛ.ВЕЛЕШКА
УЛ.ЈАНА ДАМЈАНОВ
УЛ.ВОЛГА ГЕВГЕЛИЈА
УЛ.ВЕЛЕШКИ КЛАНОВИ
УЛ.ВЕЛЕШКИ КИЧМИ
АВТОПАТ А1/Е-75
АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ „ВАРДАРСКИ РИД“
АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ – „СУВА РЕКА“
ЕЗ ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА
К.Д. Мегленци
KARADRMAN
KARADRMAN
ZAUSTA
PARAGON
MAXIRKA
GOLEM JAVOR
MALA REKA
KIRKOVA DRMA
КЛАДЕНЕЦ
ВОЛГА
ВЕЛЕШКА
ВЕЛЕШКИ КЛАНОВИ
ВЕЛЕШКИ КИЧМИ
А0 Д1 А1 Б Е1 Д1 А1 Б Д1 Д3 Е1 Б Д2 Г2,Г3,Г4 Е3 А,Б А1 А,Б А2 Б Е1 А,Б,В А1 А,Б В4 А1 А,Б А2 Б Е1 А,Б,В А2 А,Б А1 А,Б В1 А2 Б Е2 А,Б А1 А,Б В1 А2 Б Е1 А,Б,В А1 А,Б А2 Б Е1 А,Б,В А2 Б Е1 А,Б А2 Б Е1 А,Б А2 Б Е1 А,Б

ЛЕГЕНДА				ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ
	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	1	РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД ПРВ СТЕПЕН-АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ	
	ГРАНИЦА НА ГУП ЗА ГРАД ГЕВГЕЛИЈА, ИЗМЕНА И ДОПОЛНА ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2006-2016	2	РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД ВТОР СТЕПЕН-АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ	
	ГРАНИЦА НА БЛОК		ГРАНИЦА НА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ	
①	НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК		ГРАНИЦА НА КОНТАКТНА ЗОНА	
	ГРАНИЦА НА ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ЈАДРО	2	РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД ВТОР СТЕПЕН	
	ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА	2	РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД ВТОР СТЕПЕН	
	РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА	3	РЕЖИМ НА ЗАШТИТА ОД ТРЕТ СТЕПЕН	
	РЕГУЛИРАНО РЕЧНО КОРИТО		МОЖНОСТ ЗА КОНТРОЛИРАНА НАДГРАДБА И ДОГРАДБА	

ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА		УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА		
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094		САШКО ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095
СОРАБОТНИЦИ	ДИАНА ШКАРТОВА-ГЕОРГИЕВСКА дипл, МИХАЕЛ ДИМИТРОВСКИ дипл,ДОБРИЦА ДОЈЧИНОСКА дипл, МАРИНА КЕВИЛОВСКА дипл, СЛАВЧО ДИМОВСКИ дипл, ПАВЛЕ ХРИСТОВ дипл, СОЊА ПУПУЧОВСКА град.тех.		
ПРИЛОГ:	ПЛАН НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ		
ТЕХ. БРОЈ	У02-03/11	ДАТУМ 06.2012.	ЛИСТ 5.2

ИВАНОВ
инженеринг
WWW.IVANOVENG.COM.MK

ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

НА ГРАД ГЕВГЕЛИЈА

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2011-2021

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

НАРАЧАТЕЛ:
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:
УО2-03/11

ДАТУМ
06/2012

ИЗРАБОТКА:
ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ БИТОЛА

Содржина

ГУП на Гевгелија, измени и дополнувања

- Насловна страна

Податоци за проектантот:

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

Услови за планирање:

- Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога
- Решение за услови за планирање
- Извод од Просторен план на РМ
- Извод од ГУП

Документациона основа
Текстуален дел

1 .Вовед
2.Географско и геодетско одредување на подрачје на планскиот опфат
3.Историјат на планирањето и уредувањето иа подрачјето на планскиот опфат
4.Податоци за природни чинители
5.Податоци за создадени вредности и чинители
6.Инвентаризација на изграден градежен фонд
7.Инвентаризација на постојна комунална инфраструктура
8.Инвентаризација на постојни споменички целини
9.Анализа на степен на реализација на важечките планови
10.Анализа на можностите за просторен развој
11.Извод од план од повисоко ниво

- Податоци од овластени институции и комунални претпријатија - прилог на документационата основа

Графички дел

- Извод од ГУП
- Ажурирана геодетска подлога 1/5000
- Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд 1/5000
  Инвентаризација на комунална инфраструктура 1/5000
  Инвентаризација на споменици на културата и споменички целини 1/5000

Планска документација

Текстуален дел

Вовед
Цели
Методологија
1.Вид на планска документација
2.Услови за планирање
3.Географска и геодетска местоположба со граница на планскиот опфат
4.Податоци за природни чинители
5.Податоци за создадени вредности и чинители
6.Планска програма
7.Опис и образложение на планскиот концепт
8. Инфраструктура
9.Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските решенија
10.Мерки за заштита
11.Општи услови за изградба
12.Посебни услови за изградба
13.Нумерички дел
14.Билансни показатели

Графички дел

- План на намена на земјиштето и градбите 1/5000
- Регулационен план и план на зеленило 1/5000
- Сообраќаен и нивелациски план 1/5000
- Инфраструктурен план 1/5000
- План на споменици на културата и споменички целини 1/5000

Синтезен план 1/5000

Место:	Општина Гевгелија
Нарачател:	Општина Гевгелија
Доносител на планот:	Општина Гевгелија
Предмет:	ГУП на Гевгелија, измени и дополнувања
Изработка:	Иванов инженеринг дооел Битола
Работен тим:	Сашко Иванов диа
	Натали Ташевска-Гулевска диа
Технички број:	У02-03/11
Дата:	06. 2012

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Вовед

Концептот на планиран стопански развој утврден со Просторниот план на Р.Македонија ќе се реализира со изработка на урбанистички планови од регионално и локално ниво, а кои ќе се темелат на основните услови и претпоставки за остварување на целите и определбите поставени во областа на развојот и разместеноста на стопанските дејности.

Врз основа на Програмата за изработка на урбанистички планови за Општина Гевгелија, и Одлуката на Советот на Општина Гевгелија за отпочнување со постапка за изработка, се пристапува кон изработка на Генерален урбанистички план на град Гевгелија - измени и дополнувања, Општина Гевгелија, плански период 2011-2021.

При изработка на ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања, применет е методолошки пристап и постапка согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање(Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,53/11,53/11) како и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на Република Македонија број 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10,64/11,98/11,169/11).

ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања, се работи во две фази:

- фаза Нацрт план
- фаза Предлог План

Постапката за донесување на ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања ќе се спроведува согласно законската регулатива.

Методолошкиот пристап има суштинско значење за целокупниот процес при изработка на ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања и во суштина преставува изработка по фази ,почнувајќи од анализа на постојната состојба ,усвоените принципи за поедини проблеми до создавање на основната концепција за планирање на површините и изработка на конкретни просторни ,сообраќајни и инфраструктурни решенија.

Површината на планскиот опфат изнесува 887.9 ха. Овој опфат е предмет на анализа, односно документациона основа на планот.

Документационата основа на планот е изготвена врз:

- ажурирани геодетски подлоги;
- теренско снимање од страна на стручни лица;
- податоци добиени од комунални служби;
- податоци добиени од други стручни служби;
- постојна урбанистичка документација за планскиот опфат

Цел и предмет на изработка на планот

Предмет на планот е просторот предвиден со опфатот на ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања.

Планот кој е основен развоен документ, има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето;
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот;
- оформување препознатлива амбиентална целина;
- оформување на урбанистичката и архитектонска целина;
- почитување и валоризација на културното и градителско наследство;
- вградување на заштитни мерки;
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;
- предвидување на мерки за заштита и спасување;
- да ги утврди параметрите кои се потребни за реализација на ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања, и воедно да ги даде и насоките за изработка на Детални урбанистички планови и за наменската употреба на земјиштето.

1. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат со опис на неговите граници и површина

Општина Гевгелија е една од поголемите општини и се наоѓа во јужниот дел на Република Македонија. Општината е лоцирана на 41 ° северна географска ширина и 22 ° источна географска должина, покрај долината на реката Вардар и автопатот Е-75 (трансевропски коридор 10). Целокупната површина на која се простира општината е 485 км^2. На север и на исток таа се граничи со општините Валандово и Богданци, на запад со општините Демир Капија и Кавадарци, а на југ со Мачуково (Евзони) во соседна Грција.

Населбите се распоредени по долното течение на реката Вардар, во средишниот и во јужниот дел на Гевгелиско-Валандовската Котлина, и по течението на Петрушка Река. Според апсолутната надморска височина, таа е една од најниските општини во државата (64 м). Највисоката точка е врвот Зелен Брег, на Кожуф Планина (2.167 м).

Општината е значаен географски мост на поврзување помеѓу Средна и Источна Европа, јужниот дел на европскиот континент и, понатаму, со Блискиот Исток.

Градот Гевгелија се наоѓа на само 3 км од граничниот премин Богородица, на македонско-грчката граница. Од главниот град на Република Македонија, Скопје, е оддалечен 158 км, а од Солун, најголемото пристаниште на Егејското Море, 70 км.

Природната целина на Гевгелиската котлина е поделена помеѓу Македонија и Грција: северниот дел е македонски, а јужниот до Циганската клисура е грчки. Македонскиот дел од оваа котлина не може точно да се ограничи со гребени и оквирни планини бидејќи рељефот е издробен на бројни брда, чуки и тумби помеѓу кои се широки и плитки долини кои гравитираат кон југ. Од југ котлината е скоро заградена со ниска преграда која се пружа од запад према исток, а ја сочинуваат Гевгелискиот крст (Вардарски рид) со висина од 108 м.н.в. и Куфиљукот 117 мн.в.

Долината на Вардар минува низ речните проширувања - Миравското и Гевгелиското. Најниската кота на Вардар, на државната граница, е 45 м.н.в. а највисоката 88 м.н.в. Релативна височина помеѓу овие точки изнесува 43 м. на исправена должина од 26 км.

Планскиот опфат на важечкиот ГУП на град Гевгелија плански период 2006-2016, описно е дефиниран со следните граници :од точката на вкрстување на автопатот и железничката пруга, во северниот дел на градот границата оди паралено со источниот крак на автопатот во должина од 1350 м. и излегува на реката Вардар по која оди се до вливот на Сува Река, или во должина од 1.100 м. По регулираното корито на Сува Река границата оди кон запад се до железничкиот мост, во должина од околу 1.000 м. од каде свртува кон југ, паралелно со пругата во должина од 800 м. а од тука оди кон запад околу 350 м. Опфаќајќи ги предвидените градски гробишта, па повторно кон север за 400 м. и кон северозапад се до Сува Река во должина од 150 м. По регулираното корито на Сува Река границата оди во должина од 2.100 м. а потоа скршнува кон север и во искршена линија води кон север, до пресечувањето со патот за Моин во должина од 900 м. Понатака кон север со едно скршнување границата води покрај новопланираната улица западна 1, се до пресечувањето на Булеварот Гевгелија, во должина од 1.150 м. Од таа точка границата покрај Булеварот води кон запад (280 м.) до каналот Раул и покрај него наставува кон запад опфаќајки ја УЕ-9 - Караорман во должина од 950 м. потоа кон север управно на ридот Караорман во должина од 550 м. од каде свртува кон исток представувајќи северна граница на Караорман во должина од 1050 м. се до новопланираната улица долж која оди кон север 500 м. свртува кон исток долж северната собирна улица и по 550 м. излегува на патот Гевгелија - Негорци кој представува магистрална улица во границите на опфатот на градот. Долж него границата е со должина од 1.200 м. потоа свртува кон исток и по северните падини на Мрзенскиот рид води кон почетната точка - пресекот на автопатот со железничката пруга, а со должина од 1.450 м.

Предметниот плански опфат за ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања 2011-2021 е дефиниран со следните граници:

Север – КО Мрзенци:КП 1271, 1270, ја пресекува 1269, ја пресекува 145, ја пресекува 146, 144, ја пресекува 155, ја пресекува 833, ја пресекува 927, ја пресекува 928, ја пресекува 926, ја пресекува 933, сообраќаен коридор на автопат А1(Е-75), осовина на канал Рауљ, осовина на рег.корито на р.Вардар,осовина на рег. корито на р.Сува,

КО Гевгелија:КП 206, 248/2, 248/41, 250, 252, 275, 277, 315, 317, 321, 367, 642, ја пресекува 649, 645, 648, 663, 662, 650, ја пресекува 649, ја пресекува 354, 353, ја пресекува 352, ја пресекува 350, ја пресекува 334, 329, ја пресекува 330/1, ја пресекува 337, ја пресекува 338, ја пресекува 649, осовина на рег. корито на р.Сува, ја пресекува 7515, ја пресекува 7545, ја пресекува 7511, 7535/3, 7536, ја пресекува 7529, ја пресекува 7525, ја пресекува 7531/2, ја пресекува 7531/1, ја пресекува 7566, 7562/2, 7563/3, 7564/2, ја пресекува 7566, ја пресекува 7567/1, 7566, 7590, 6432, ја пресекува 6456, ја пресекува 6421, ја пресекува 6418, сообраќаен коридор на Р1108 , 6393, 6372/3, 6372/2, 6368, ја пресекува 6367, 5909, 6169, 6030, 6173, 6174, 6170/3, ја пресекува 6167, ја пресекува 418, ја пресекува 398, ја пресекува 396, ја пресекува 392/1, 392/61, 392/41, ја пресекува 393, 387, ја пресекува 69, 84, 81, 43, 49/1, 49/2, ја пресекува 30, 45, 38, 13.

КО Мрзенци: КП 1601, 1609, 1605/1, 1607, 1606, 1605/2, ја пресекува 1665, ја пресекува 58, 1374, 1373, 1372, 1371, 1350, 1351, 1352, 1353, 1354, 1356, 1357, 1358, 1360, 1664, 1414, 1415, 1416, 1417, 1418, 1419, 1420, 1421, 1291, 1292, 1294, 1296, 1297, 1283, 1280, 1279, 1275, 1274, 1273, 1272.

Границата на горенаведениот плански опфат е дадена во графичките прилози, а вкупната површина на планскиот опфат изнесува **887.9 ха.**

2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина

За градот Гевгелија изработени се следните урбанистички плански документации :
ГУП на Гевгелија, плански период 2004-2014
ГУП на Гевгелија, измена и дополна, плански период 2006-2016, со кој се извршени плански проширувања на претходниот ГУП, за блоковите 15 и 16.
Планскиот опфат за ГУП на град Гевгелија, измени и дополнувања, плански период 2011-2021, се поклопува со дел од границата на ГУП на град Гевгелија, од северната, источната и јужната страна, а проширувањето е направено од западната страна, северно и јужно од патниот правец Р1108 пат за Моин-Коњско-Смрдлива Вода.
За планираното проширување издадени се Решение за услови за планирање бр.15-8478/4 од 14.12.2010 и Услови за планирање со техн.бр.30110 од ноември 2010, како извод од Просторниот план на Р.Македонија.
Вон планскиот опфат на ГУП на Гевгелија, во југоисточниот дел, лоцирана покрај устието на р.Сува и р.Вардар, изработена е Локална урбанистичка планска документација за изградба на пречистителна станица за град Гевгелија, и бидејќи е од голема важност за еколошката перспектива на градот, потврдена е со ГУП на Гевгелија, измена и дополна, плански период 2006-2016.

3. Податоци за природни чинители

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

3.1 Климатски карактеристики

Широката отвореност на Вардарската долина, а со неа и општините Богданци и Гевгелија, кон Солунската котлина преку долината на Вардар и Џолаја условија силно влијание на медитеранската (Егејската) клима во овој регион. Ова влијание посебно е изразено во котлинскиот дел од 300 м.н.в., а нешто изменето и во ридското подрачје до 600 м.н.в. Планинската клима преовладува само во највисоките делови на Кожуф планина.
Податоците за температурата, врнежите и ветерот се земени од Метеоролошка станица Гевгелија.
Вкупен број на часови со инсолација во годината изнесува 2.448 часа, што може да се спореди со некои места на Јадран и Медитеранот воопшто.
Просечната годишна температура изнесува 14,0°C. Најстудениот месец е

јануари со просечна температура од 3,3°C. Најтопол месец е јули со просечна температура од 24,9°C. Средната годишна минимална температура изнесува 8,2°C, додека пак средната годишна максимална 20,2°C. Годишната амплитудата на температурата е 14,0°C. Просечно годишно има 108 ведри денови, 181 облачен ден и 76 тмурни денови.

Просечната годишна сума на врнежи во Гевгелија изнесува 675,5 мм. Распоредот на врнежите не е рамномерен. Најголеми количини на врнежи има во есен, а потоа во зима, па во пролет, а најмалку во лето.

Фактичкиот број на денови со снежна покривка изнесува 5 дена, додека траењето на мразниот период изнесува 127дена. На планината бројот на снежни денови е многу поголем.

Просечната вредност на релативната влажност изнесува 71%, во зима е 81%, а во летниот период се спушта до 56%.

Маглите во просторот на Гевгелиската општина се ретка појава. Просечниот број на денови со магла за Гевгелија изнесува 12. Маглите се јавуваат во есенските и зимските месеци, а најизразени се во ноември со 3 дена.

Од ветровите највеќе дуваат Вардарецот и Југ. Вардарецот се јавува од северен, јужен и југоисточен правец. Тој дува преку целата година, но најчесто во зимските месеци (224%o). Во тек на зимските денови ја снижува температурата, додека пак во лето го зголемува испарувањето. Југот е топол ветар и најчесто дува во пролет и во есен. По долината на Серменинската и Самовилската река од Кожуф во летните и зимските месеци дува северозападен ветар со максимум учесталост 136%o, од југоисток со честина од 101%o и од југ со честина од 73%o. Брзината на ветерот е од 1.3м/с од источен правец до 3,4м/с од северозападен правец.

3.2 Релјефни карактеристики

Градот Гевгелија лежи во рамниот дел на котлината чии природни граници се: од исток реката Вардар, од југ Сува Река, према запад нема природна граница, рамнината продолжува кон Моин, према север брдото Караорман и Мрзенски рид меѓу кои поминува патот за Негорци низ куса долина.

Мошне интересна е појавата на осамени ридови (Динќут, Мрзенски и Вардарскиот Рид) чие потекло е најверојатно ерозивно, но не се исклучени и можните тектонски влијанија. Овие ридови на градот му даваат особени пејсажни вредности и го означуваат неговиот идентитет.

Просечната надморска височина на која лежи градот изнесува меѓу 53 и 60 м.н.в. што значи дека ридовите се воздигнуваат за по 50 до 100 м. од рамницата.

3.3 Геолошки и геомеханички карактеристики

Разновидноста на геолошките, рељефните и вегетациските прилики, а посебно влијанието на човекот и на климатските услови дозволуваат да се сретнат повеќе видови на почви.

Територијата на општината се одликува со богатство на различни карпести маси, што значи дека инжинерско - геолошките карактеристики се доста различни и во зависност од литолошкиот состав на стената, тектонската оштетеност и свежина.

Геолошкиот состав е разноврсен и богат така што овозможува експлоатација на минералното благо. Во прв ред, тука се неметалните појави, нарочно на

украсен камен во кој спаѓаат: ортофирите, варолатите, мермерите, гранитот, габровите и анфиолитите.
Општина Гевгелија го зазема Долното Повардарие односно Гевгелиската котлина. Просторот се одликува со просторни површини од ридско рамничарските терени, кои се издигаат до околу 600 м.н.в, на кои се развиваат полувијално - делувијални и циментно кафеави почви и планинско подрачје, од 600 - 2000 м.н.в, на кои доминираат кисело - кафеави почви. Во геолошки поглед терените се изградени претежно од габро и дијабаз, а делумно од гранити и карбонати.

3.4 Сеизмолошки карактеристики

Теренот на Гевгелиската општина му припаѓа на просторот на Вардарската зона која се одликува со повремена сеизмичка активност.
Сеизмичката динамика на овој епицентрален предел се базира на неговиот тектонски склоп. Во основни потези тој склоп е многу едноставен. Меѓу хорстовите од стари маси (кристалести шкрилци од I група) во облик на своевиден тектонски ров, стеснета е Вардарската зона. Главните нејзини хорстови, од исток се блоковите на Родопската маса, а од запад блоковите на Пелагониската маса. Всушност пред формирањето на Вардарската зона, двете маси представувале една целина - Родопски масив.
Со распаѓањето на овој масив, некои делови (блокови) помеѓу раседите се одвојувале, додека некои делови (блокови) помеѓу нив потонувале и биле засипувани со помлади творевини, создавајќи на тој начин тектонски депресии или ровови. Таков ров претставува и Вардарската зона. Рововите се подложни на разновидни притисоци и оттука на нив се применети разни движења кои повремено се манифестираат со сеизмички појави (земјотреси), од различен тип и интензитет.
Најсилните до сега забележани трусни катастрофи на ова подрачје настанале во 1931 година. По оваа трусна катастофа периодот е релативно мирен, со исклучок на 21.12.1990 година, кога се случи силен земјотрес со магнитуда од МЛ=5.6 по Рихтер, со епицентар 25 км јужно од Гевгелија.

3.5 Хидролошки карактеристики

Со цел да се согледаат **расположивите водни ресурси** согласно Просторниот план на Република Македонија, територијата на Републиката во трите основни сливови на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим е поделена на 15 водостопански подрачја (ВП): ВП "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко Радовишки", "Преспа", "Охридско - Струшко"и "Дебар".
Градот Гевгелија припаѓа на **Водостопанското подрачје (ВП) "Долен Вардар",** кое го опфаќа сливот на долниот тек на реката Вардар од водомерниот профил "Демир Капија" до границата со Р. Грција. Во локалниот слив позначајни притоки на р. Вардар од десна страна се реките: Кованска, Серменинска и Конска, а од лева страна: Анска Река и Луда Мара.
Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за нокривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како "ресурс" ја има многу помалку од "присутните води"

што треба да се има секогаш во предвид при планирањето за нејзино искористување.

Расположивите водни количини може да се изразат и преку просторната дистрибуција на површинското истекување односно преку специфичното истекување л/сек/км^2, кое за долниот слив на река Вардар изнесува од 6,3л/сек/км^2 кај водомерниот профил Д. Капија, до 6,5 л/сек/км^2 кај водомерниот профил Гевгелија. Ова покажува дека ова ВП не е богато со вода и спаѓа во подрачје со помали специфични истекувања во Р. Македонија. (За споредба - во сливот на река Радика ^= 26,2 л/сек/км^2, или за река Треска 12,9 л/сек/км^2).

Во Републиката се регистрирани вкупно 4.414 извори од кои со издашност над 100 л/сек регистрирани се 58. Во ВП "Долен Вардар" регистрирани се 227 извори, но ни еден не е регистриран како извор со значајна издашност.

Подземните води формирани се главно во котлините и нивната издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради посебниот квалитет се значајни и може да бидат корисни за покривање на потребите од вода, но во Републиката тие се недоволно проучени, потребни се дополнителни истражувања за нивниот капацитет и квалитет. .

Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води од кои во регионот на В.П "Долен Вардар" со значаен квалитет и капацитет се забележани на просторот Смоквица - Негорци - Гевгелија. Геотермалиите води традиционално се користат за банско лекување, но во Гевгелискиот регион се користат и за топлинска енергија.

За подобрување на режимот на водите по количина, квалитет и време, односно за целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците, акумулациите претставуваат клучни објекти во водостопанската нфраструктура. Во ВП "Долен Вардар" изградена е акумулацијата Паљурци на река Луда Мара со корисен волумен од 2,8х10^{л}м^3. Основна намена на водите од акумулацијата е наводнување на обработливите површини во Богданечко Поле.

Во идниот период се предвидува изградба на акумулациите Конско на Конска Река, акумулациите Градец, Милетково, Гавато и Гевгелија на реката Вардар. Основна намена на акумулациите е обезбедување на вода за наводнување на обработливите површини, производство на електрична енергија, подобрување на режимот на малите води со наменско испуштање на чиста вода во периоди на малуводие.

Согласно Просторниот план на Република Македонија и долгорочните планирања, основна цел во развојот на водостопанството е **обезбедување на доволна колнчнна на квалитетна вода,** првенствено за водоснабдување на населението и прехранбената индустрија, а потоа за сите други дејности кои произлегуваат од сегашниот и планираниот развој на просторот.

Градот Гевгелија со вода се снабдува од подземни води со зафаќање на два локалитети и тоа во градското подрачје: бунарот во кругот на фабриката "Зора" и бунарите во близина на автопатот, односно реката Вардар. Двата постоечки бунари се со капацитет од: Б1=20 л./сек и Б2 = 90 л./сек. Овие два бунари поради својата местоположба се загрозени со изградбата на автопатот, бензинската пумпа, автосервисот на "Млаз" и други објекти кои се во непосредна близина на бунарите. Посебно режимот е пореметен со изградбата на новите мостови на реката Вардар кои го загрозија режимот на течение на подземните води. Поради претходното и поради недостигот на вода

во летните месеци, изградени се нови бунари во локалитетот на селото Моин. Таму се изградија четири бунари со следната издашност:
бунар Б1 - 41 л./сек
бунар Б2-45л./сек.
Бунар Б3-43л./сек
Бунар Б4-44л./сек.
Градот Гевгелија потребите за водоснабдување во иднина може да ги реши со користење на водите од водоснабдителниот систем за спас на Дојранското Езеро – Ѓавато.Системот е изграден со капацитет од 1000л/сек, со основна намена за дополнување на Дојранското Езеро, и располага со доволна количина на вода за водоснабдување на градовите Гевгелија и Богданци.

4. Податоци за создадени вредности и чинители

Создадените вредности, како чинители кои можат да влијаат врз развојот на просторот во рамките на опфатот на планот, го опфаќаат демографскиот состав, начинот на животот на населението, економскиот развој, сообраќајна поврзаност, инфраструктура, како и употребата на земјиштето во рамките на планскиот опфат.

4.1 Културно-историски податоци

Старите хроники бележат дека Гевгелија како град почнала да се развива уште од средината на 19 ти век , кога населението од овие краеви ја почуствувало потребата да создава современа населба која ќе биде домаќин на нивните патувања кон Блискиот Исток со многубројни анови . Во тој временски период , реката Вардар иако пловна , не можела да го задоволи транспортот на стоки , па во 1873 година доаѓа до изградба на железничката линија Солун - Скопје.
Градот Гевгелија како релативно млад град благодарение на поволните услови низ кои минувал во одделните развојни периоди успеал да се развие во поголема населба.
Расположен во долината на реката Вардар, една од најважните сообраќајни артерии на Балканот за време на Отоманската империја, во непосредна близина на Солун и на Егејското Море, обиколен со плодни полиња и пасишта, градот Гевгелија во последните две децении од XIX век и почетокот на XX век се до Балканските војни се развивал релативно брзо.
Гевгелија за град е прогласена во 1886 година. Меѓутоа, според различни документи, Гевгелија како мала населба постоела уште во Средниот век, а ако се суди според археолошките откритија на Вардарскиот рид, постоела уште многу порано. Од многубројните остатоци на алатки, керамика и накит може да се заклучи дека на местото на денешниот град или во неговата непосредна близина некогаш постоела развиена населба. Првите веродостојни податоци за Гевгелија потекнуваат од втората половина на XIX век.
Според еден германски патописец, во 1863 година Гевгелија броела 60 куќи со 300 жители, но имала изглед на мало градче. Неколкуте големи свилари во кои биле вработени главно жени, развиеното производство на земјоделски и сточарски производи и доста развиено занаетчиство придонело Гевгелија да се развие во важен стопански центар. Во тој период бил изграден и безистен - покриена чаршија. Околу 1880 година Гевгелија почна да се развива и како административен и воен центар кој опфаќал 68 села со вкупно 49.400 жители.

Со изградбата на железничката пруга Солун - Гевгелија - Скопје, економската моќ на Гевгелија почнала постојано да расте. Стационирањето на војската во градот ја принудило власта да обрне поголемо внимание на систематското уредување на градот.
Од новоподигнатита касарна до железничкта станица била изградена калдармисана улица, која на градот му дава убав и модерен изглед (според оваа улица го добива епитетот од станица до граница). Кон 1890 година населението во градот броело 4.200 жители. Брзиот раст на градот во периодот меѓу 1860 и 1890 година бил пред се резултат на стопанскиот просперитет условен од економските фактори - развиено земјоделие, свиларство, домашна индустрија и трговија, железничка поврзаност со Скопје и Солун, административен центар и др. Но ваквиот подем не бил долготраен. Со навлегувањето на европските производи се повеќе се намалувала економската моќ на градот, се затвараат свиларите, а на останатите производи, кои се произведувале во градот им се намалува цената (памук, тутун).
Со навлегувањето во XX век положбата на Гевгелија и околните села не се изменила многу. Политичките и воените настани (Илинденското востание, Младотурската револуција, Балканските војни и I Светска војна) ја опустошиле Гевгелија, впрочем како и, цела Македонија. Голем дел од населението било принудено да го напушти градот, така да од 5.188 жители пред 1912 година, Гевгелија во 1921 година се намалува на 2.792 жители.
По I светска војна со постепено заживување на стопанскиот живот во градот, рушевините се расчистуваат, а на нивното место се градат нови куќи и дуќани. Во 1925 населението брои околу 3.500 жители, а во 1931 година 5.011 жители. Но, повторниот стопански развој на градот имал краток век.
Светската криза, во периодот од 1929 до 1933 година, како и нејзините тешки последици ги почувствувало и населението на Гевгелија и Гевгелиско.
II Светска војна, окупацијата и четиригодишните борби, на целото македонско стопанство нанеле тешки штети, но по ослободувањето развојот на целата земја, па и на Гевгелиската општина, оди по перманентна нагорна линија.
За културно-историскиот развој на градот зборуваат ретките преостанати објекти од XIX век, лоцирани на главната улица.

4.2 Демографски податоци

4.2.1 Движење на бројот на жители

Бројот на жители во општина Гевгелија изнесува 22.988, што на површина од 485 км2, дава густина од 47 жители на км2, а тоа е значително помалку од густината на населеност во Република Македонија.

4.2.2 Движење на вкупниот број на жители според расположливите податоци

Година	1953	1961	1981	1991	1994	2002
Општина	22364	24419	31814	35002	35031	22988
Град	5777	7332	9410	15041	14974	15685

Стапката на пораст ја означува динамиката на раст на населението во градот и општината низ набљудуваниот период. Од горните анализи може да се заклучи дека и двете стапки се во пораст, но трендот на растот на градското население е многу побрз во однос на вкупното население во општината.

Стапка на пораст на населението

Година	1948	1948/53	1953/61	1961/81	1981/91	1991/94	1994/2002
Општина	1,00	1,04	1,09	1,30	1,10	0,56	1.07

Град	1,00	1,11	1,27	1,28	1,60	0,99	1.05

Издвоена стапка на раст за општина Гевгелија

Гевгелија	Попис 1994	Попис 2002	Прираст (реален)	Прираст(во %)
Вкупно	22267	22988	721	3.23

4.4.3 Природно движење на населението

Од демографските карактеристики во овој дел ќе бидат анализирани следните:
- Структура на населението по пол и по возраст;
- Број на домаќинства и просечен број на членови на домаќинство;

Структура на населението по пол и возраст

Возраст	0-14	15-64	65 и повеќе	Непознато	Вкупно
Мажи	1912	8280	1227	1	11420
Жени	1923	8218	1421	6	11568
Вкупно	3835	16498	2648	7	22988

Анализата на старосната структура е битна од повеќе аспекти: според неа се определуваат одделните контингенти на население (предучилишни, училишни, работоспособни, активни, издржувани и др.)

Гевгелија	Попис 1984	Попис 2002	Прираст (реален)	Прираст (во %)
Мажи	11112	11420	308	2.77
Жени	11155	11568	413	3.70
Вкупно	**22267**	**22988**	**721**	**3.23**

Број на домаќинства и просечен број на членови на домаќинство

Сеопфатната развиеност на едно подрачје, навиките, обичаите, директно влијаат врз начинот на организирање на семејството. Општествено-економскиот развој односно растот на производните сили е поврзан со промена на општествените односи, што неминовно води кон распаѓање на големите семејства и тенденција на сведување на потесно семејство во кое живеат само родителите со децата.

Домаќинства	Вк. насел.	Бр. на домаќинства			Бр. на семејни домаќинства				Вк. бр. на сем.
		Вкупно	Несем.	Сем.	1 сем	2 сем	3 сем	4 сем	
Гевгелија	22988	7221	877	6344	5886	448	10	/	6812
Инд. домаќинства	22840	7218	874	6344	5886	448	/	/	6812
со 1 член	820	820	820	/	/	/	/	/	/
со 2 члена	3256	1628	48	1580	1580	/	/	/	1580
со 3 члена	4704	2968	5	1563	1563	/	/	/	1563
со 4 члена	9352	2338	1	2337	2270	67	/	/	2404
со 5 члена	2785	557	/	557	426	131	/	/	688
со 6 члена	1488	248	/	248	39	207	/	/	459
со 7 члена	329	47	/	47	6	38	/	/	91
со 8 члена	56	7	/	7	2	/	/	/	14
со 9 члена	27	3	/	3	/	3	/	/	8

со 10 и повеќе членови	23	2	/	2	/	1	/	/	5
Колективни домаќинства	148	3	3	/	/	1	/	/	/

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, во општината Гевгелија регистрирани се вкупно 22.988 жители од кои околу 48,8% ја сочинуваат расположивата работна сила, категорија посебно значајна за развојот на стопанските активности во ова подрачје.

4.3 Економско-стопански податоци

Доминантната економска активност во општината отпаѓа на трговијата (44%), потоа на преработувачката индустрија (13%), на земјоделството (13%), на ловот и шумарството (13%), на сообраќајот и комуникациите (8%).
Туристичко-угостителските објекти придонесуваат со 5% во економската активност, како резултат на блискоста на границата со Грција.
Во градот Гевгелија постојат три индустриски зони, Ракита, Деленица и Блокотехна. Во овие индустриски зони се концентрирани 95% од индустриските капацитети во општината, и тоа од областа на текстилната и на прехранбената индустрија, како и индустријата за пластика.
Природните, климатските и географските погодности, како и богатото културно наследство овозможуваат во општина Гевгелија подеднаков развој на транзитниот, бањскиот, планинскиот и културниот туризам.
Зголемениот протек на патници преку македонско-грчката граница, пред се, на грчки државјани, придонесе во Гевгелија и околината да бидат подигнати хотелски капацитети со над 700 легла.
Во блиска иднина се очекува двојно зголемување на хотелските капацитети, бидејќи странските инвеститори се се позаинтересирани за изградба на нови хотели крај автопатната делница од Гевгелија до македонско-грчката граница.
На падините на прекрасната Кожуф планина се наоѓа природното лекувалиште Смрдлива вода**,** каде што посетителите можат да уживаат во прекрасниот амбиент, но и да се лекуваат од голем број заболувања со познатата минерална вода.
На десеттина километри од одморалиштето се наоѓа Ски центарот „Кожуф" , кој располага со шестоседна жичница, ски лифт и прекрасните скијачки терени до кои се гради нов асфалтен пат.
На падините на Кожуф планина се наоѓа еден и од најпознатите природни резервати на дивеч во Република Македонија - "Милисин", сместен на 300 хектари букова и дабова шума. А, обновата на потпланинските села Хума и Конско ги најавуваат можностите за унапредување на селскиот туризам.
На само 4 км., северозападно од Гевгелија, се наоѓаат познатите Негорски бањи**,** каде што во прекрасниот амбиент со јасенова шума се наоѓаат двата извори со минерална вода, познати како "Врела бања" и "Ладна бања" со температура на водата од 40 степени Целзиусови, односно од 38 степени Целзиусови. Негорските бањи, покрај големиот број на гости кои доаѓаат на лекување на повеќе болести во базените и модерно опременото одделение за физикална терапија, претставуваат прочуена мека за спортистите. Климатските погодности, како и уредените спортски терени, привлекуваат голем број

спортски екипи од земјата и странство, кои во зимските месеци престојуваат во еден од трите хотели на бањите со капацитет 300 легла.

4.4 Податоци за сообраќајна изграденост и поврзаност

Покрај Гевгелија поминува една од најзначајните трансферзали со европските патишта, автопатот А1(Е-75) и меѓународната железничка пруга Скопје-Солун, кои ги поврзуваат Средна и Источна Европа со јужниот дел на Европскиот континент, а понатаму со Блискиот исток.
Гевгелија е распослана крај самата македонско-грчката граница, на десното крајбрежје од реката Вардар, а на нејзината територија се наоѓаат патниот граничен премин Богородица-Евзони и железничкиот Гевгелија-Идомени.
Најголемото балканско пристаниште на Егејското море Солун е на само 70 километри од Гевгелија, која пак е оддалечена 158 километри од метрополата на Република Македонија - Скопје.
Низ транзитниот Коридор 10 годишно минуваат над 4 милиони патници, што несомнено зборува дека Гевгелија претставува значајна транзитна крстосница.
Сообраќајниот систем во општината Гевгелија е застапен како патен и железнички, додека водениот и воздушниот сообраќај не се застапени.
Низ територијата на општината минува автопатот А1 преку кој е поврзана Средна Европа со Грција и Мала Азија. Должината на овој пат во територијата на општината изнесува околу 20 км. Патот оди по долината на реката Вардар и е во добра состојба. Во општината постојат и регионални патишта: Р-111 ја поврзува Гевгелија преку Богданци за Нов Дојран, Стар Дојран до преминот преку Грчката граница, а од Крстопатот се поврзува со патот Р-604 за Валандово и Удово, односно Струмица, Радовиш и Штип и Р-112 Гевгелија - Моин - Коњско - Смрдлива Вода.
Железничката пруга од нормален колосек Скопје - Гевгелија - Солун представува дел од меѓународната линија Атина - Париз, за Македонија представува витална сообраќајна врска со светот.
Општината Гевгелија по воздушен пат со светот е поврзана преку аеродромот Скопје, оддалечен околу 100 км.
Реката Вардар која поминува низ територијата на општината не е пловна, макаршто има услови да се обезбеди нејзината пловност во рамките на Европскиот пловен систем, но за таков потфат во догледно време нема реални изгледи, ни општествено - политички, ни финансиски.
Градот Гевгелија поврзан е со сообраќајната мрежа на општината, регионот и државата преку три излезни правци: на исток со автопатот, односно Богданци и Дојран, на север со Негорци и Демир Капија (стариот пат кон Скопје) и на запад кон Моин и Кожуф планина.

Магистралниот патен правец - автопатот А1(Е-75) граница со Србија-Куманово-Миладиновце-Велес-Гевгелија-граница со Грција кој го дефинира опфатот е изграден во согласност со Просторниот план на РМ, и клучката за излез кон Гевгелија е постоечка, како и патните правци:
Р-103 - (Скопје-врска со Р-101,М-3 И М-4-кл.Ченто-Катлановo-Велес- Неготино-Гевгелија-врска со М-1 и Р-111);
Р-111 - (Гевгелија-врска со Р-103 и М-1-Богданци-Фурка-врска со Р-604) и Р-112 - (Гевгелија-врска со Р-103-Моин-Конско-Смрдлива река-врска со Р- 109).

5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура

За целосно согледување на постојната состојба извршено е детално истражување по пат на директен увид на лице место - теренска работа и направена е детална анализа на добиените податоци.
При увид на лице место утврдено е дека во планираното проширување на планскиот опфат за ГУП на град Гевгелија кон запад, не постои изграден градежен фонд.

6. Инвентаризација и снимање на постојни споменички целини, градби од културно-историско значење и културни предели (заштитно-конзерваторски основи)

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,53/11,53/11), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижно културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.
Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.
Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.
Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење.
Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.
Согласно Законот за заштита културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр. 115/07), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.
Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во руралните населби и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.
На подрачјето кое е предмет на анализа регистрирани се недвижни културни добра (Екпертен елаборат):

1. Археолошки локалитет "Сува Река", Гевгелија, железно време;
2. Археолошки локалитет 'Вардарски Рид", Гевгелија, м.в. Гевгелиски Рид";
3. Училишна зграда, Конско, 20 век;
4. Железничка станица, ул. 'Борис Кидрич " 66., Гевгелија;
5. Објект на ул. 'Маршал Тито " бр. 170, Гевгелија;
6. Турски амам, ул. '7-ми Ноември, Гевгелија;
7. Стара чаришја, Гевгелија;

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се локалитети:

● **КО Гевгелија -** *Вардарски Рид,* повеќеслојна населба и некропола со траги од енеолитско до римско време, се наоѓа на источниот рид на градот, на десниот брег на Вардар; *Гевгелија,* депо на монети од хелинистико време; *Раул,* некропола од римско време, во дворот на Казнено- поправниот дом; *Сува Река - Парагон,* некропола од железно време, се наоѓа во јужниот дел на градот;

● **КО Мрзенци -** *Манастир* - Над селото, населба од доцноантичко време, се наоѓа на околу 500 м западно од селото и во близина на крстопатот за Негорци и Гевгелија; *Црква*- средновековен сакрален објект, се наоѓа на ридот што се издига високо над селото, во непосредна близина на селската црква;

7. Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура

7.1 Електична инфраструктура

